Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shëndetësisë**

Бр. 20-6306/16
16-09-2024 година

Друштво за трговија, превоз и услуги ЕККО-ПРОМ-НА ДООЕЛ експорт-импорт
бр. 003
16.09 2024 год
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

А. **Министерство за здравство на Република Северна Македонија**, ул. 50-та Дивизија бр. 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од Министер Prof. Dr. Arben Taravari (во понатамошниот текст „**Договорен орган**") од една страна,

и

Б. **Друштвото за трговија, превоз и услуги ЕККО-ПРОМ-НА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје** ул. 2 МАКЕДОНСКА БРИГАДА 80/2-13, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, со ЕДБС МК4030003491936, ЕМБС 5803535 и трансакциска сметка број 270-000000178-949, банка депонент Халк Банка, застапувано од Назиф Абази
(во понатамошниот текст „**Носител на набавката**„) од друга страна.

Составен дел од овој Договор е:

- Тендерската документација и техничката спецификација објавена со оглас бр. 13079/2024 од 13.08.2024 година;
- Понудата на Носителот на набавката (прилог техничка и финансиска понуда) бр. 05-2024-13079/16/4 од 29-08-2024 година

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на стоки – **Сервис на моторни возила за потребите на Министерство за здравство на РСМ**, врз основа на Одлука за потреба од спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки бр. 20-6306/1 од 12.08.2024 година, спроведена постапка со објавување на **оглас бр. 13079/2024 од 13.08.2024 година** на ЕСЈН и Одлука за избор на најповолна понуда и поништување на дел од постапката бр. 20-6306/14 од 06.09.2024 година, а согласно тендерската документација, техничката спецификација и Понудата на Носителот на набавката, како задолжителни и составни делови од овој Договор.

Предмет на овој Договор е редовно одржување на возилата (вклучени резервни делови и работна рака), како и интервенции по потреба на Договорниот орган.

Носителот на набавката, според спецификацијата на Поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки - Сервис на моторни возила за потребите на Министерство за здравство на РСМ, треба да го испорача следниот предмет на набавка:

| ДЕЛ | Предмет на набавка | Опис |
|---|---|---|
| 1 | Сервисни услуги за моторно возило "Volkswagen" | Техничка понуда во прилог на Договорот |
| 2 | Сервисни услуги за моторно возило "Ford" | Техничка понуда во прилог на Договорот |
| 3 | Сервисни услуги за моторно возило "Chevrolet" | Техничка понуда во прилог на Договорот |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Сервисни услуги за моторно возило "Fiat" | Техничка понуда во прилог на Договорот |
| 5 | Сервисни услуги за моторно возило "Seat" | Техничка понуда во прилог на Договорот |
| 6 | Сервисни услуги за моторно возило "Citroen" | Техничка понуда во прилог на Договорот |
| 7 | Сервисни услуги за моторно возило "Renault" | Техничка понуда во прилог на Договорот |
| 8 | Сервисни услуги за моторно возило "Motor Company Limited" | Техничка понуда во прилог на Договорот |

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Цената на услугите за сервисирање на возилата (вклучени резервни делови и работна рака) и поправка, со сите давачки, е фиксна според финансиската понуда и поединечните цени наведени во финансиската понуда на Носителот на набавката во прилог на овој Договор.

Вкупната вредност на овој Договор без вклучен ДДВ, не може да го надмине износот од 2.280.000,00 денари. Вкупна вредност на ДДВ не може да го надмине износот од 410.400,00 денари. Вкупна вредност на предметот на набавка со вклучен ДДВ не може да го надмине износот од 2.690.400,00 денари.

Вкупната вредност за ДЕЛ 1 – "Volkswagen", не може го надмине износот од 1.092.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 1.288.560,00 денари со вклучен ДДВ.

Вкупната вредност за ДЕЛ 2 – "Ford", не може го надмине износот од 138.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 162.840,00 денари со вклучен ДДВ.

Вкупната вредност за ДЕЛ 3 – "Chevrolet", не може го надмине износот од 60.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 70.800,00 денари со вклучен ДДВ.

Вкупната вредност за ДЕЛ 4 – "Fiat", не може го надмине износот од 300.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 354.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Вкупната вредност за ДЕЛ 5 – "Seat", не може го надмине износот од 184.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 217.120,00 денари со вклучен ДДВ.

Вкупната вредност за ДЕЛ 6 – "Citroen", не може го надмине износот од 184.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 217.120,00 денари со вклучен ДДВ.

Вкупната вредност за ДЕЛ 7 – "Renault", не може го надмине износот од 138.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 162.840,00 денари со вклучен ДДВ.

Вкупната вредност за ДЕЛ 8 – "Motor Company Limited", не може го надмине износот од 184.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 217.120,00 денари со вклучен ДДВ.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува на определено времетраење од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на склучување на договорот.

## VI. РОК, МЕСТО И НАЧИН НА СЕРВИСИРАЊЕ

Член 5

СЕРВИС НА МОТОРНИ ВОЗИЛА (Дел 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8)

Носителот на набавката по добивање на Барање за извршување на услугите, предмет на оваа набавка, по пристигнување на возилото, пристапува кон дијагностицирање на дефектите врз основа на проблемите кои ги забележал договорниот орган и извршениот увид од неговата страна и е должен да изготви Извештај за извршена дијагностика и Понуда за бараната услуга, а согласно условите и цените утврдени со Договорот за јавна набавка.

Носителот на набавката пристапува кон сервисирање или поправка на возилото исклучиво по добивање на писмена Согласност од страна на Договорниот орган за дадената понуда.

Носителот на набавката е должен да отвори Работен налог од моментот на прием на возилото и по добиената согласност, и предметната услуга да ја изврши во рамките на следните рокови:

* Редовно одржување и сервисирање – до 1(еден) работен ден.
* Средни поправки - до 3 (три) работни дена.
* Тешки поправки и ремонти - до 12 (дванаесет) работни дена.

Носителот на набавката е должен да го врати возилото во исправна состојба најдоцна во утврдените рокови, освен во случај на сложени дефекти каде рокот може да се пролонгира по барање на носителот на набавката и претходна дадена согласност од Договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува по приемот на возилото да обезбеди соодветно сместување на возилото со соодветна заштита.

Носителот на набавката е должен да обезбеди приоритет на возилата на Договорниот орган, на тој начин што веднаш по приемот на возилото во сервисот ќе отпочне со соодветна интервенција.

По извршените интервенции на возилото, договорните страни составуваат Записник за примопредавање на возилото во исправна состојба и Испратница, уредно потпишани од двете договорни страни.

Договорниот орган го задржува правото доколку не е задоволен од извршениот сервис на возилата од точка I) да ангажира независен овластен сервисер за марката на возилото на кое е извршен сервисот за да изврши контрола на извршениот сервис и доколку се констатира дека извршениот сервис не е стручно извршен да го раскини договорот, да ја наплати гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, трошокот за ангажираниот овластен сервисер да го покрие (надомести штетата).

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

Член 6

Во случај на доцнење со испораката на предметот на набавка од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,3% од вкупната цена определена со член 3 од овој Договор, за секој ден на доцнење.

Договорната казна не може да надмине 3% од вкупната цена определена со член 3 од овој Договор.

Во случај на став 1 од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

Договорниот орган не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

## VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 7

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 1 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- валута на плаќање.

## IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

СЕРВИС НА МОТОРНИ ВОЗИЛА (Дел 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8)

Плаќањето ќе се изврши вирмански, во рок од 30 дена, сметано од првиот нареден ден од приемот на уредно доставена фактура во архивата на договорниот орган. За уредна фактура се смета фактурата која во прилог содржи:

СЕРВИС НА МОТОРНИ ВОЗИЛА (Дел 1 до Дел 8 )

- Барање за извршување на услуги уредно потпишано и заверено од страна на Договорниот орган;
- Извештај за извршена дијагностика уредно потпишан и заверен од страна на Носителот на набавката;
- Понуда уредно потпишана и заверена од страна на Носителот на набавката и


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

Договорниот орган;

- Согласност од договорниот орган за дадената понуда од Носителот на набавката уредно потпишана и заверена од Договорниот орган;
- Работен налог уредно потпишан од страна на овластени лица на договорниот орган и носителот на набавката;
- Записник за примопредавање на возилото уредно потпишан од двете договорни страни;
- Испратница уредно потпишан од страна на овластени лица на договорниот орган и носителот на набавката;

Носителот на набавка е должен во фактурата да наведе: број и датум на пријава - одобрување по која е вршена услугата, регистарски таблици на моторните возила, поединечна и вкупна цена на вградени резервни делови, цената на работна рака.

Договорниот орган не е обврзан да ги искористи сите стоки и услуги/да изврши нарачка на сите стоки и услуги кои се предмет на оваа јавна набавка.

## X.РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 9

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот.

## XI. АВАНСНО ПЛАЌАЊЕ

Член 10

За извршување на договорот за јавна набавка не е дозволено авансно плаќање.

## XII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 11

Носителот на набавката е должен да ги исполни обврските кои произлегуваат од овој Договор, на начин и во рок утврден согласно одредбите на овој Договор.

Носителот на набавката е должен да ги превземе сите дејствија наведени во техничката спецификација како составен дел на овој Договор.

## XIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 12

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по извршена услуга на начин и во рок утврден со овој Договор.

## XIV.ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, Носителот на набавката го гарантира со доставување неотповиклива, безусловна и наплатлива на прв повик банкарска гаранција во електронска или писмена форма, преку банка која е прифатлива за Договорниот орган. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Банкарската гаранција се доставува во рок од 5 дена по обострано потпишување на договорот и е предуслов за полноважноста на договорот. Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да е со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка.

Висината на банкарската гаранција изнесува 10 (десет) % од вкупно договорената вредност на Договорот со вклучен ДДВ.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена во следните случаи:

- доколку Носителот на набавката не го почитува договорениот рок за испорака на предметот на набавка;
- во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на испорачаната предметна набавка;
- во случај на раскинување на Договорот по вина на Носителот на набавката.

Гаранцијата за извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, Носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Договорниот орган има право да наплати банкарската гаранција и кога нејзиниот износ ја надминува штетата што ја претрпел.

Ако штетата што ќе ја претрпи е повисока од висината на банкарската гаранција, Договорниот орган има право од Носителот на набавката да бара наплата на разликата до целосен надомест на штетата.

## XV. КВАЛИТЕТ НА ИЗВРШЕНИТЕ УСЛУГИ И РЕКЛАМАЦИЈА НА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ

### Член 14

Носителот на набавката се обврзува за наведените услуги од член 1 на овој Договор да обезбедува нови и неупотребувани резервни делови.

Квалитетот на резервните делови мора да биде според техничките услови-норми на производителот и истите да бидат оригинални. За вградените делови Носителот на набавката доставува атести и гарантни листови.

Заменетите делови се враќаат на Договорниот орган заедно со работниот налог за извршената услуга и записник за примопредавање на возилото.

За квалитетот на извршените услуги од член 1 на овој Договор, исклучиво одговорен е Носителот на набавка.

Контрола на сигурноста и квалитетот на извршените услуги, во текот на извршувањето


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

на услугите за Договорниот орган, врши овластено лице за реализација на договорот.

Забелешките на контролниот орган односно овластеното лице на Договорниот орган, за начинот за извршување на услугите, во поглед на законитоста на работите од аспект на договорните обврски и квалитетот на извршените услуги, Носителот на набавка е должен во согласност со прописите, да ги усвои и спрема нив да постапи.

Рекламацијата на квалитетот на извршените услуги во гарантниот рок, ги доставува овластениот претставник од Носителот на набавката во писмена форма со стручно мислење за неисправноста и тоа: веднаш или во рок од 8 (осум) дена по откривање на неисправноста.

Применте рекламации по заедничка контрола, Носителот на набавката ги решава веднаш, односно во договорениот рок со Договорниот орган. Рекламации кои се по вина на крајниот корисник од Договорниот орган (констатација на Договорниот орган и Носителот на набавката), Носителот на набавакта ги решава по писмено одобрение на Договорниот орган.

## XVI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 15

Врз сите прашања кои не се уредени со овој Договор, а се однесуваат на предметот на набавка, како и за евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XVII. ВИША СИЛА

Член 16

Виша сила претставуваат надворешни и вонредни околности кои не постоеле во моментот на склучувањето на овој договор, не можеле да се предвидат и настанале без волја и влијание од договорните страни, а нивното настанување и последиците не можеле да се спречат со мерки и средства кои во конкретната ситуација можела оправдано да се бара и очекува од договорните страни што се погодени од или со виша сила и поради тоа не би било можно исполнување на обврските одредени во договорот.

Вонредните околности, кои можат да бидат причина за барање на промени или раскинување на договорот и за кои се смета дека се причинети од виша сила, можат да се сведат на следното: војна, побуна, ембарго, општа мобилизација и природни непогоди како што се поплави, потреси и пожари кои се непосредно поврзани со производството и испораката на предметот на набавката од овој договор.

Додека трае вишата сила, привремено се прекинуваат обврските на Набавувачот и Носителот на набавката, т.е. нема да се применуваат санкциите поради неисполнување на договорните обврски во предвидениот рок.

Носителот на набавката нема да биде одговорен за делумно или целосно неизвршување на договорот, ако тоа е резултат на настани од виша сила.

Ако настане состојба на виша сила, носителот на набавката веднаш писмено ќе го извести Договорниот орган. Освен, ако не е писмено наложено од Договорниот орган, носителот на набавката ќе продолжи и понатаму да ги извршува договорните обврски додека тоа е


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

изводливо и ќе ги бара сите можни алтернативни начини за извршување на договорот, што нема да биде спречено од виша сила.

## XVIII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 17

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

Член 18

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

## XIX. АНТИ-КОРУПЦИСКА КЛАУЗУЛА на Интернационалната стопанска комора

Член 19

Секоја страна се обврзува дека, на датумот на влегување во сила на договорот, нејзините директори, службеници или вработени не понудиле, ветиле, дале, дале овластување, побарале или прифатиле каква било непотребна парична или оствариле друга предност од каков било вид (или имплицирале дека ќе направат или би можеле да сторат такво нешто во кое било време во иднина) на кој било начин поврзан со овој Договор и дека презеле разумни мерки за да спречат нивни подизведувачи, од нив ангажирани лица или кои било трети страни, кои се под влијание, да го сторат тоа.

Член 20

Договорните страни се согласуваат дека, во секое време во врска и во текот на Договорот и потоа, ќе се придружуваат и дека ќе преземат разумни мерки за да бидат сигурни дека нивните подизведувачи, од нив ангажирани лица или трети страни, кои се под нивно влијание, дека ќе бидат во согласност со следниве одредби:


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

1. Договорните страни ќе го забранат следното однесување во секое време и во која било форма, со државни или јавни службеници на меѓународно, национално или локално ниво, политичка партија, партиски службеници, кандидати за јавна функција или директорска позиција, лице со функција или вработен во некоја од Договорните страни, без разлика дали во ова однесување се вклучени директно или индиректно, вклучени и преку трети лица:

а) Поткуп е понуда, ветување, давање, одобрување или прифаќање на каква било непотребна парична или друга предност на, од или за кое било од лицата наведени погоре или за кој било друг, со цел да се добие или задржи деловна активност или друга несоодветна предност, во врска со деделување на договор за јавна или приватна набавка, регулаторни дозволи, оданочување, царина, судска и законодавна постапка.

Поткупот често вклучува:

(1) враќање на дел од исплатеното од склучен договор, на владини или партиски службеници или на вработени во другата договорна страна, нивни блиски роднини, пријатели или деловни партнери или

(2) користење посредници како што се агенти, подизведувачи, консултанти или трети страни, за канализирање на исплати на владини или партиски службеници или вработени во друга договорна страна, нивни роднини, пријатели или деловни партнери.

(б) Изнуда или барање нешто од интерес, се смета за барање мито, без разлика дали е поврзано или не со закана и ако барањето се одбие. Секоја страна ќе се спротистави на каков било обид или изнуда или барање мито и се охрабрува да ги пријави ваквите обиди преку достапни формални или неформални механизми за известување, освен ако за такво известување не се смета дека е контрапродуктивно под околностите.

(в) Тргување со влијание е нудење или барање да се оствари незаслужена предност, преку извршување неправилно, вистинско или претставено влијание, со цел да се добие од јавен службеник незаслужена предност за вистинскиот поттикувач на делото или за кое било друго лице.

(г) Перење на приходните од коруптивните практики споменати погоре е прикривање или камуфлирање на недозволено потекло, извор, локација, располагање, движење или сопственост на имот, знаејќи дека таквиот имот е приход од кривично дело.

„Корупција" или "Коруптивна практика(и)" како што се користи во оваа клаузила за борба против корупција на Интернационалната стопанска комора, вклучува мито, изнуда или барање од интерес, тргување со влијание и перење на средствата приходи од овие практики.

Во однос на трети страни, предмет на контрола или утврдување на влијание на една страна, вклучително и не ограничувајќи се на агенти, консултатнти за развој на деловните активности, претставници за продажба, карински агенди, општи консултанти, препродавачи, подизведувачи, франшизери, адвокати, сметководители или слични посредници, постапувајќи во име на договорните страни во врска со маркетинг или продажба, договарање на договори, добивање на лиценци, дозволи или други овластувања или какви било активности што имаат корист од страната или како подизведувачи во синџирот на снабдување, договорните страни не треба да ги упатуваат, ниту да се ангажираат, ниту дека ќе толерираат впуштање во какво било дело на корупција, да не ги користат како канал за какво било коруптивна пракса, ангажирајќи ги само


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

во оној степен што е соодветно на редовно водење на деловната активност на Договорната страна; и да не им плаќаат повеќе од соодветната награда за нивните легитимно извршени услуги.

Член 21

Доколку Договорната страна, како резултат на користењето на договоно обезбедена ревизија, доколку ја има, од сметководствените книги и финансиската евиденција на другата Договорна страна, или на друг начин, донесе доказ дека втората страна учествувала во материјалните или неколку повторени прекршувања од член 20, таа соодветно ќе ја извести втората страна и ќе побара од таа страна да ги превземе потребните мерки за поправка во разумен рок и да ја информира за такво дејство. Доколку втората страна не ги преземе неопходните мерки за поправка или како такви мерки за поправка не се можни, таа може да се повика на одбраната со докажување дека во моментот кога се појавиле доказите за повреда, таа воспоставила соодветни антикорупциски превентивни мерки, како што е опишано во член 10 од „Правилата за борба против корупцијата на Интернационалната стопанска комора од 2011 година", прилагодени на нејзините посебни околности и способни да откриваат корупција и да промовираат култура на интегритет во нејзината организација. Доколку не се превземат мерки за поправка или, според случајот, одбраната не се повикува ефективно отстранување на повредите, првата Договорна страна може, по своја дискреција да одбере, да го суспрендира или раскине Договрот, при што се подразбира дека за сите износи извршени до времето на прекинот или раскинувањето на Договорот ќе постојат како обврски за исплата, колку што тоа го дозволуваат важечките закони и други позитивни прописи.

Член 22

Секој субјект, без разлика дали е арбитражен суд или друго тело за одлучување на спорови, кое донесува одлука во согласност во одредбите за решавање на спор произлезен од овој Договор, ќе има овластување да ги утврди последиците од Договорот од какво било наводно непочитување на оваа антикоропциска клаузула на Интернационалната стопанска комора.

## XX. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 23

Договорниот орган и Носителот на набавката ќе ги вложат сите напори за договорно, директно и неформално решавање на било какво несогласување или спор што ќе произлезе помеѓу нив во врска со извршувањето на овој договор.

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивно надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Основниот суд Скопје-2, Скопје.

## XXI. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

Член 24

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 25

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

Член 26

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 27

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Член 28

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Член 29

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 30

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

## XXII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 31

Договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка, согласно член 119 од Законот за јавни набавки.

Член 31

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено. Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 32

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 33

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Договорни страни:

| Договорен орган | Носител на набавката |
| --- | --- |
| Министерство за здравство на Република Северна Македонија | Друштвото за трговија, превоз и услуги ЕККО-ПРОМ-НА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје |
| Министер | Одговорно лице |
| Prof. Dr. Arben Taravari | Назиф Абази |


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ministria e shëndetësisë
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.Divizioni 50, nr.14 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk